**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# Препораки од спроведената Анкета за специфирање на статистичките податоци за извршените активности во платниот промет

## Образец ПС-01 Сметки

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | Постојат разлики во бизнис моделот на банките во делот на пријавување на сметките. Дел од банките пријавуваат поголем број на сметки, бидејќи секоја картичка (дебитна, кредитна) е поврзана со посебна сметка. Останатите пријавуваат една сметка на која се поврзани и кредитни и дебитни картички. (прашање 2) | |
| 2 | ***Прашање 6***: Начинот на достапност на сметките за физички и правни лица за извештаи и за плаќања и извештаи е проширен (интернет, мобилен телефон, смс, извод добиен преку АТМ-и, е-маил, факс, говорен автомат) кај одредени банки. | Секоја дополнителна достапност на сметките треба да се внесува во делот на сметки достапни преку ПС или др. терминал во образец ПС 01. |

## Образец ПС-02 Кредитни трансфери

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | ***Прашање 12***: Постојат налози кои ги користат банките за пренос на финансиски средства а при тоа не се опфатени со образецот ПС-02 (плаќање на јавни услуги од физички лица за кои не се формира налог, уплата кон сметки на физички лица кои немаат пандан во ЕРТС: кредитна партија, денарска книшка, кредитна картичка, сеф, налози за присилна наплата и сл.) | Платните трансакции кои не креираат налози (ПП30, ПП31, ПП50 и ПП 53) треба да се прикажуваат во образец ПС 02 под шифра ППД-1 и ППД-2, соодветно. |
| 2 | ***Прашање 14***: Вршење на трансакција која опфаќа две трансакции: (пр.1 уплата на готови парични средства на трансакциската сметка на банката и генерирање на налог за безготовинско плаќање за пренос на парични средства од сметката на банката на сметката на клиентот, пр.2. уплата на готови пари | Ваков тип на трансакција треба да се пријавува како една трансакција во образец ПС 04 со налог ПП10, или со налог ПП50 доколку уплатата во готови |

| | | |
|---|---|---|
| | во корист на трансакциска сметка која се води во банката каде се врши уплатата, во случај кога уплатата ја врши физичко лице кое не е сопственик на сметката на која се врши уплата), во пример 1, дел од банките пријавуваат една трансакција дел од банките пријавуваат две трансакции, во пр.2 само една банка е неусогласена, односно пријавува две трансакции. | пари е извршена во корист на Трезорската сметка. |
| 3 | ***Прашање 16:***<br>а) Пренос на парични средства на одобрен кредит од трансакциска сметка на известувачот, на трансакциска сметка на корисникот на кредитот која ја води друга банка: само една банка не пријавува.<br>б) Пренос на парични средства на одобрен кредит од трансакциска сметка на известувачот, на трансакциска сметка на корисникот на кредитот која се води во истата банка: само една банка не пријавува.<br>в) Пренос на парични средства со кој се задолжува сметката на банката во корист на сметките на НБРМ, деловните банки на РМ и небанкарски институции. | Сите банки да ги пријавуваат овие податоци во образец ПС 02, со соодветниот налог. |
| 4 | ***Прашање 18:*** Банките користат различен платен инструмент за извршување на решенијата за присилна наплата и истите ги внесуваат или во образец ПС 02 или во образец ПС 06. | Овие трансакции треба да се пријавуваат во образец ПС 02 - кредитни трансфери, со соодветниот налог. |
| 5 | ***Прашање 19:*** Во образецот ПС 02, во редовите кои се однесуваат на податоците за платните трансакции, извршени врз основа на платните инструменти/ други налози поднесени преку ПС или друг терминал ги вклучуваат трансакциите произлезени од: интернет технологија, фиксна телефонска мрежа, АТМ-и, мобилен телефон. Овие податоци банките ги пријавуваат во образец ПС 02 или образец ПС 09. | Доколку банката нуди можност за трансакции преку претходно наведените уреди, тогаш истите се пријавуваат во образец ПС 02, во соодветниот налог. |
| 6 | ***Прашање 23:*** Во образец ПС 02 во категоријата ППД, банките доставуваат податоци за:<br>а) Интерни трансакции: камати, провизии, орочени депозити, исплата на кредити, уплата кон сметки на физички лица (кредитна партија, денарска книшка, кредитна картичка, сеф и сл. кои немаат пандан во ЕРТС)<br>б) меѓубанкарски трансакции: меѓубанкарски позајмици, купопродажба на ефектива, задолжителни | Имајќи предвид дека меѓубанкарските трансакции задолжително се процесираат со ПП налог преку екстерните платни системи, треба да бидат вклучени во соодветниот ред во образецот ПС 02- (Хартиени налози ПП30 или |

| | | |
|---|---|---|
| | и редовни депозити (НБРМ), пренос за исплата на ефектива (НБРМ) | Преку ПС или друг терминал). |
| 7 | ***Прашање 24:*** Кај деловните банки постојат различни технички решенија за начинот на пријавување на провизиите за реализираните трансакции и трансакциите поврзани со активни и пасивни камати на дневна основа. Дел од банките ја пресметуваат и пријавуваат секоја провизија поединечно во извештајот, дел од банките пресметуваат провизија за сите трансакции во текот на денот и ја пријавуваат како една трансакција со збирна вредност на крај на денот, или воопшто не се пријавува.<br>Овие податоци ги пријавуваат во образец ПС 02, ПС 04, ПС 06. | За ова прашање ќе се предложи унифициран метод на прикажување на провизиите за реализираните трансакции и активните и пасивните камати со воведување на новата методологија за платежната статистика, а дотогаш ќе се пријавуваат согласно постоечките решенија кај банките. |

## Образец ПС-03 Чекови

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | Нема  утврдени разлики! | |

## Образец ПС-04 Уплата

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | ***Прашање 29, 30, 31:*** Плаќање на рати од кредит, камати и надоместоци во корист на известувачот, плаќање на месечни трошоци за користење на платежна картичка во готови пари на шалтерот на известувачот кој воедно е и издавач на картичката: дел од банките не ги пријавуваат овие податоци. | Сите овие податоци треба да се пријавуваат во образец ПС 04. |
| 2 | ***Прашање 32:*** Во образец ПС 04, во делот други налози банките вклучуваат уплата кон сметки во готови пари (кредитна партија, денарска книшка, кредитна картичка, за закуп на сеф, ДДВ, кусок), уплата на услуги за субјекти со кои банката има договор (ЕВН, Телеком, Т-мобиле, Водовод), менувачко работење, уплати по разни основи (враќање на благајнички кусок, евидентирање на благајнички вишок и сл.) | Внесот во делот„ други налози‟ останува  според постојните решенија на банките до донесувањето на новата  методологија. |

## Образец ПС-05 Исплата

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | ***Прашање 34:*** Исплата на готови пари по дознаки, судски решенија на граѓани и исплата на пензии (доколку известувачот има склучено договор со пошта за сервисирање) | Доколку банките ја нудат оваа можност истата треба да ја пријавуваат, во овој образец. |
| 2 | ***Прашање 37:*** Постои неусогласеност во пријавување на податоците за подигање на готови пари од трансакциска сметка преку АТМ-и и подигање на готови пари како дел од плаќањето на ПОС терминали. Истите се пријавуваат во ПС 02, ПС 05 и ПС 09. Овие податоци во најголем број се внесуваат во ПС 09, но и тука постои неусогласеност во основите. | Податоците за подигање на готови пари од трансакциска сметка преку АТМ-и и податоците за подигање на готови пари како дел од плаќањето на ПОС терминали треба да се пријавуваат во образец ПС 09 под соодветната шифра на податок (11,12,13,43) |

## Образец ПС-06 Директно задолжување

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | Трансакциите кои произлегуваат од воспоставени трајни налози, судски решенија, камати и провизии дел од банките ги пријавуваат во образец ПС 02, дел во образец ПС 06. | Овие податоци треба да се внесуваат во образец ПС 02, соодветно, со оглед дека во РМ, не е воведен овој платен инструмент. |

## Образец ПС-08 и ПС-09 Платежни картички и уреди на кои тие се користат

| Бр. | Коментари | Препораки |
|---|---|---|
| 1 | ***Прашање 48:*** Платежната картичка која нуди повеќе видови на функции (на пример кеш и дебитна функција) | Ваквиот вид картичка се брои само еднаш во образецот, во картички со дебитна функција. |
| 2 | ***Прашање 49:*** Некои деловни банки издаваат гифт-картички. Овие податоци дел од банките ги пријавуваат во образец ПС08 (дебитни), дел не ги пријавуваат. | Овие платежни картички не треба да се пријавуваат. Истите ќе бидат разгледани со новата методологија. |

| | | |
|---|---|---|
| 3 | ***Прашање 51:*** Видови на податоци вклучени во редот: Вкупен број на картички во циркулација Образец ПС-08 | Потребно е банките да пријавуваат податоци за бројот на сите валидни картички, независно од тоа кога се издадени или колку активно истите се употребувани. Валидни платежни картички се оние кои имаат валиден рок на траење и истиот не е истечен. |
| 4 | ***Прашање 57:*** Податоци за:<br>- број и вредност на реализирани трансакции на терминали лоцирани во земјата со картички издадени во земјата<br>- на терминали лоцирани во земјата со картички издадени надвор од земјата<br>- на терминали лоцирани надвор од земјата со картички издадени во земјата,<br>дел од банките не ги пријавуваат. | Потребно е банките да ги пријавуваат овие податоци во образец ПС 09. |
| 6 | ***Прашање 58:*** Во редот трансакции реализирани преку ПС или друг терминал (точка 3.3 од Упатството), постои неусогласеност во пријавување на податоците за бројот и вредноста на реализираните трансакции со картички извршени преку интернет, при купување на производи од веб порталите во земјата и надвор од неа, пришто дел од банките ги пријавуваат податоците за реализирани трансакции со картички извршени преку интернет на места за продажба (виртуелни продавници) надвор од земјата. | Во образец ПС 09, точка 3.3. Промет по места за продажба преку PC или друг терминал, банките треба да пријавуваат трансакции од аспект на уреди во сопственост на банката известувач. Во таа смисла, трансакциите направени на web порталите-виртуелни продавници во странство не треба да се пријавуваат во ова поле бидејќи овие уреди не се во сопственост на банката известувач. |
| 7 | ***Прашање 59, 60***: Постои неусогласеност во пријавување на бројот на виртуелни продавници. Мал број на деловни банки пријавуваат вакви податоци. | Овие податоци треба да се пријавуваат во образец ПС 08 под шифра 3 - Вкупен број на трговци во земјата кои се клиенти на известувачот и прифаќаат картички на известувачот и шифра 42 - Вкупен број на |

| | |
|---|---|
| | продажни места во земјава кои се инсталирани кај клиенти на известувачот со ПОС терминали. |